**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## јануари – декември 2014

Скопје, 2014 година

**СОДРЖИНА:**


| | | |
|---|---|---|
| | **ВОВЕД** | **3** |
| **I.** | **МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПРОСЛЕДЕНО СО АКТИВНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ** | **6** |
| **II.** | **СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ, ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ** | **11** |
| **III.** | **МОНИТОРИНГ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА** | **15** |
| **А.** | **ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **15** |
| **Б.** | **ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА** | **18** |
| **IV.** | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВНИ, ПСИХОЛОШКИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ НА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ** | **24** |
| **V.** | **МЕДИУМСКА КОМПОНЕНТА** | **26** |

**ВОВЕД**

Програмските компоненти образложени подолу ќе се спроведат како дел од Програмата за работа на ЕСЕ за 2014. Тие се развиени во согласност со стратешките приоритети на ЕСЕ и останатите заложби за периодот од 2014-2017.

***Мониторингот и анализата на буџети*** беше воведен во 2008 и од тогаш тоа претставува значајна компонента на нашата работа која има за цел: унапредување на пристапот на маргинализираните групи (жени, жени жртви на семејно насилство, жени Ромки, Роми, жени од руралните области, жени во социо-економска обесправена положба, итн.) до здравствени услуги и права во областите на здравствена и социјална заштита; застапување за подготовка на буџети на национално ниво за остварување на правата на маргинализираните групи на граѓани, ефикасно користење на расположливите финансиски средства и целосна имплементација на планираните мерки и активности; подобрување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции; постигнување на зголемено граѓанско учество во буџетските процеси и процеси на одлучување кои се од интерес за граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на овој концепт. Оваа година, преку првата компонента: „Мониторинг и анализа на буџети и зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Владата и владините институции проследено со активности за застапување”, ЕСЕ ќе продолжи да го користи применетото буџетско работење во областите за здравје и здравствена заштита проследено со активности за застапување. Покрај тоа, применетото буџетско работење ќе биде проширено со вклучување на компонентата за родово буџетирање. Исто така, во 2014 ЕСЕ ќе ја продолжи својата работа на зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Владата и јавните институции, особено во областа на здравството.

***Социјална отчетност, правно описменување и оспособување*** се состои од две сродни компоненти кои имаат посебен методолошки пристап (Мониторинг на заедницата и параправна помош). Имено, од 2011 ЕСЕ во партнерство со три локални ромски невладини организации ја спроведува методологијата за мониторинг на заедницата како пристап за социјална отчетност, а главната цел е да се подобри опфатот на ромските деца со имунизација и превентивни услуги за здравствена заштита. Исто така, од 2011 ЕСЕ во партнерство со три локални ромски невладини организации спроведува програма за параправна помош како пристап за законско зајакнување за да им се овозможи на Ромите да ги остварат здравствените права. За да се постигне рационализација на активностите кои се предвидени со двете посебни компоненти и да се обезбедат поголеми придобивки и влијанија, дел од активностите од двата пристапи ќе бидат споени. Процесот на спојување ќе започне во втората половина на 2014. Оттаму, во рамки на компонентата за мониторинг на заедницата, во 2014, ЕСЕ ќе ги продолжи активностите за мониторинг на заедницата во однос на имунизацијата во соработка со трите партнерски ромски организации (КХАМ, ЛИЛ и ЦДРИМ), а работењето ќе го прошири со дополнување со пристапот за социјална ревизија. Исто така, во 2014 ЕСЕ ќе започне да ја применува работата за мониторинг на заедницата и социјалната ревизија во областа на превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката, кое е во согласност со континуираната работа на ЕСЕ за мониторинг на буџетот за Програмата за рано откривање на малигни заболувања. Од друга страна, во рамки на компонентата за

параправна помош, во текот на 2014, ЕСЕ во соработка со трите партнерски ромски невладини организации (ЦДРИМ, КХАМ и РРЦ) ќе продолжи да обезбедува параправна помош и поддршка за ромското население во општините Делчево, Пехчево и Шуто Оризари.

***Мониторинг на степенот на остварување на човековите права*** е значаен дел од работењето на ЕСЕ. ЕСЕ започна да го применува овој пристап во неколку области на интерес како што се женските човекови права, здравјето на жените и особено сексуалното и репродуктивното здравје, и правата на пациентите и здравјето на Ромите. Оттаму, ЕСЕ во текот на 2014 ќе подготви извештај во сенка за остварувањето на правото на здравје и други сродни права кои се предвидени со Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП). Покрај тоа, оваа година ЕСЕ ќе ја развие рамката за мониторинг за мерење на напредокот на Владата во спроведувањето на препораките кои ги имаат дадено телата за човекови права, т.е. Меѓународниот комитет за економски, социјални и културни права и Комитетот за човекови права (во рамки на процесот за Универзалниот периодичен преглед). Промовирањето на концептот за човекови права во грижата за пациентот кај разни професионалци и пошироката јавност ќе продолжи преку процесот на континуирано унапредување и ажурирање на веб страната: www.healthright.mk и дистрибуција на Водичот за практичари, Заедничкиот поднесок за здравје (подготвен од ЕСЕ во соработка со 10 невладини организации), Водичи по мерка на пациентот за разни маргинализирани групи на пациенти (Роми, корисници на дрога и лица со попреченост). Исто така, оваа компонента ќе биде надградена со подготовка на стратешки случаи за повреда на здравствените права на пациентот, за кои ќе бидат започнати судски постапки на национално, регионално или меѓународно ниво, во партнерство со наведените невладини организации.

Мониторингот на женските човекови права ќе се спроведува преку активности кои придонесуваат за мониторинг на имплементацијата на препораките дадени за Р. Македонија од страна на Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените. Во 2014, ЕСЕ ќе ги фокусира своите заложби на мониторинг на препораките за кои нашата Влада треба да подготви последователен извештај во 2015 во однос на сите видови на насилство врз жените. Активностите ќе започнат со мониторинг на спроведувањето на поединечни судски постапки при изрекување на времена мерка за заштита на жртвите од семејно насилство. Следењето на судските постапки ќе има за цел да се идентификува негативната и позитивната судска пракса, зголемување на степенот на сензитивност и свесност кај судиите и подобрување на постапувањето на судиите во граѓанските постапки. Овој тип на активности дополнително ќе се надградува преку сеопфатен процес на мониторинг кој има за цел да се опфатат сите форми на насилство врз жената. Имено, Здружението ЕСЕ во партнерство со Отворена порта/LA STRADA Македонија и Коалицијата за здравствени и сексуални права на маргинализираните заедници ќе ја спроведуваат оваа иницијатива за да се работи на недоволниот степен на законска заштита на жените кои се жртви на насилство и дискриминација која опфаќа: примена на судски мониторинг како алатка за проценка на судската заштита на жените жртви; примена на пристап ориентиран кон жените жртви т.е. вклучување на жените жртви во спроведувањето на овој проект; а тоа вклучува и идентификување и проследување на случаите за критични прашања за човековите права во областа на насилство врз жените, кои доколку бидат успешни ќе овозможат креирање на значајни

судски преседани или поттикнување на промени во законите, политиките или праксата. Покрај тоа, оваа програмска компонента во целост може да изврши позитивно влијание на јавното мислење и може да го оформи ставот на јавноста кон оваа појава.

***Обезбедување директни услуги на ранливите категории на жени*** е една од долгорочните стратешки цели на ЕСЕ која има централно место во мандатот на ЕСЕ за обезбедување на помош за жените кои имаат потреба. Директните услуги ќе се обезбедуваат преку работата на три центри, и тоа: Центар за правна помош на жени жртви на семејно насилство, Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство и Здравствен информативен центар.

## I. МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ПРОСЛЕДЕНО СО АКТИВНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

**Општа цел:** Подобрен пристап до услугите за здравствена заштита за жените и Ромите преку примена на методологијата за анализа и мониторинг на буџети како алатка за зголемена транспарентност и отчетност на владините институции.

**Конкретни цели:**

- подобрување на опфатот на децата Роми со вакцинација и здравствените услуги од превентивната здравствена заштита;
- подобрување на опфатот на жените со превентивни здравствени услуги за рано откривање на малигни заболувања, со главен акцент на ранливите групи на жени;
- зајакнување на капацитети на вработените во ЕСЕ за анализа на приходната страна од државниот буџет и родово буџетирање;
- зајакнување на капацитети на граѓанските организации во Македонија во однос на правото на здравје, човековите права во здравствената заштита, применето буџетско работење и мониторинг на заедницата, фискална транспарентност и пристап до буџетски информации; и
- зголемување на транспарентноста на Министерството за здравство и други релевантни владини и јавни институции.

Во 2014, ЕСЕ ќе продолжи да ја применува методологијата на анализа и мониторинг на буџети во областа на здравјето и здравствената заштита и истиот ќе го прошири со вклучување на компонентата за родово буџетирање. Исто така, оваа година ЕСЕ ќе продолжи да работи на зголемување на транспарентноста и отчетноста на Владата и јавните институции, особено во областа на здравството кое ќе биде поддржано со конкретни медиумски активности.

Во тој поглед, ЕСЕ ќе работи на:
- Анализа и мониторинг на буџети проследено со активности за застапување во областа здравство;
- Родовото буџетирање; и
- Зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Владата и владините институции, особено институциите во областа здравство.

**1.Анализа и мониторинг на буџети проследено со активности за застапување во областа здравство.** Во рамки на оваа активност, ЕСЕ ќе продолжи со редовните активности за континуиран мониторинг на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и проширување на активностите за мониторинг на Програмата за систематски прегледи за учениците и студентите за да се подобри опфатот со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита на децата од ромските заедници. Исто така, ЕСЕ ќе продолжи со редовните активности за континуиран мониторинг на Програмата за рано откривање на малигни заболувања за да се подобри опфатот на жени со услуги за превентивна здравствена заштита во однос на раното откривање на малигни заболувања. Во тој поглед, во 2014, ЕСЕ планира да ги истражи

можностите за користење на анализата на приходната страна на централниот и буџетот на Министерството за здравство Во исто време, ЕСЕ ќе спроведе обука за организациите од граѓанското општество во Македонија за да се зајакнат нивните капацитети за следните теми: право на здравје, применето буџетско работење и мониторинг на заедницата.

***1.1. Мониторинг на програмата и буџетот за програмите за превентивна здравствена заштита на национално ниво.*** Во 2014 година, ЕСЕ ќе продолжи својата работа на полето на мониторинг и анализа, проследени со застапување да ја заснова на податоци кои се собрани преку барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени до институции на разни нивоа, и секундарни извори на податоци кои се јавно достапни. Преку овој процес, ЕСЕ планира да обезбеди конкретни податоци за следното: извршување на буџетот за трите програми за превентивна здравствена заштита; извршување на активностите кои се предвидени и планирани во овие програми извршување на севкупниот буџет на Министерството за здравство; извршување на буџетот на Фондот за здравствено осигурување и извршување на централниот буџет. Процесот на мониторинг ќе се фокусира на извршениот буџет и активности во текот на 2013. Преку мониторинг на активностите и буџетот за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата на национално ниво, ЕСЕ ќе ги опфати следните институции: Министерство за здравство – Сектор за превентивна здравствена заштита, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, јавните здравствени институции кои ги спроведуваат активностите и Фондот за здравствено осигурување. Овој процес ќе биде проширен со активности за мониторинг на Програмата за систематски прегледи за ученици и студенти, со што ќе бидат опфатени истите институции. Мониторингот на Програмата за рано откривање на малигни заболувања, на национално ниво, ќе биде фокусиран на компонентата за превенција на рак на грлото на матката. За таа цел, ЕСЕ ќе ги опфати следните институции: Министерство за здравство – Сектор за секундарна и терциерна здравствена заштита, јавни здравствени установи кои ги спроведуваат активностите и Фондот за здравствено осигурување. Покрај горе наведените институции, предмет на интерес во работата на ЕСЕ ќе бидат и Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија. Потребните документи и податоци за процесот на мониторинг ќе бидат обезбедени преку примена на одредбите од Законот за слободен пристап до јавни информации. Во тој поглед, ЕСЕ ќе продолжи да поднесува барања за извршувањето на буџетот за сите превентивни програми во рамки на Министерството за здравство. Во рамки на имплементацијата на оваа активност во текот на 2014, ЕСЕ ќе опфати 47 јавни институции. По собирање на податоците, ЕСЕ истите ќе ги анализира. Подготвената анализа ќе претставува основа за подготовка и спроведување на стратегии за застапување. ЕСЕ ќе подготви две посебни стратегии за застапување на национално ниво, од кои првата ќе има за цел да се подобри опфатот на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги, а втората ќе има за цел да се зголеми опфатот на жени со превентивни здравствени услуги за рано откривање на малигни заболувања. Во 2014, ЕСЕ ќе продолжи да соработува со домашните експерти со кои веќе воспостави соработка со цел унапредување на работењето на полето на мониторинг на превентивните програми.

***1.2. Разгледување на можностите за примена на анализата на приходната страна на јавниот буџет.*** Во 2014, ЕСЕ ќе започне да ги истражува можностите за примена на

приходната страна на централниот буџет во своите активности за мониторинг и застапување. За таа цел, вработените во ЕСЕ во соработка со домашен и странски експерт, во текот на месец февруари, ќе го спроведат процес на стратешко планирање и подготовка на план за користење на анализа на приходната страна на буџетот. Главната цел на користењето на анализата на приходната страна на буџетот е да се следи процесот на прибирање средства за националниот буџет и следење на процесот на распределба на прибраните средства од националниот буџет за буџетот за превентивна здравствена заштита и буџетите на програмите за превентивна здравствена заштита во буџетот на Министерството за здравство. Во текот на процесот на стратешко планирање ќе изработиме детален план за следните активности по однос на ова прашање. Во 2014, ЕСЕ ќе продолжи да соработува со меѓународниот консултант Росио Морено Лопез.

***1.3. Обука за граѓански организации за применето буџетско работење и мониторинг во заедницата.*** Во текот на 2013, вработените во ЕСЕ во соработка со домашен експерт изработија програма за обука и материјали за спроведување на основен модул за обука за применето буџетско работење и работа во заедницата и транспарентност и отчетност на владините институции во областа на здравствената заштита. Главната цел на обуката е да се зајакнат капацитетите на 20 претставници од разни организации на граѓанското општество и градење на партнерство со цел создавање на силни коалиции кои ќе работат на подобрување на транспарентноста и отчетноста на Владата. Врз основа на подготвените материјали во текот на 2014 година ќе биде спроведена обука за граѓанските организации. Обуката за организациите во однос на методологијата за анализа и мониторинг на буџети и мониторинг на заедницата ќе ја спроведат тројца претставници на ЕСЕ и еден домашен експерт во два модули. Идентификуваните учесници од организациите на граѓанското општество ќе имаат обврска да присуствуваат и на двата модули обука. Обуката ќе се спроведе за време од пет дена. Првиот модул ќе се одржи во првата половина, а вториот дел во втората половина на 2014.

**2. Родовото буџетирање.** Родовото буџетирање ќе се примени со цел: подобрен пристап на жените до услуги за репродуктивно здравје; мониторинг на имплементацијата на грантот ОРИО; и мониторинг на финансирањето на стратегијата за семејно насилство. Овие активности се планирани и ќе се спроведуваат со помош од меѓународниот експерт Деби Будлендер.

***2.1. Подобрен пристап на жените до услуги за репродуктивно здравје.*** Во однос на работата за подобрен пристап на жените до услуги за репродуктивно здравје и мониторингот на Програмата за рано откривање на малигни заболувања, ЕСЕ заклучи дека една од главните пречки за пристап до овие услуги е недостигот на гинеколози во примарната здравствена заштита, особено во руралните области и помалите градови. Поради тоа во тек на 2014 година ЕСЕ ќе подготви буџетски калкулации и предлози за надминување на овие состојби и унапредување на пристапот на жените до гинеколошката здравствена заштита на примарно ниво. Активностите за застапување по ова прашање ќе бидат планирани и спроведени во 2015.

***2.2. Мониторинг на спроведување на грантот ОРИО (проект за инфраструктурен развој).*** Во 2014, ЕСЕ ќе спроведе анализа на имплементацијата на развојната фаза од

грантот ОРИО во целина (проектно портфолио) преку буџетот на Министерството за здравство во 2013 година. Податоците за оваа анализа ќе бидат обезбедени преку барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во исто време, ЕСЕ ќе направи мапирање на сите релевантни документи кои се јавно достапни, а кои содржат податоци кои се однесуваат на грантот (планирани и извршени активности и буџет). По обезбедувањето на бараните податоци и документи, ЕСЕ ќе направи анализа на планираните и спроведените активности и ќе го измери влијанието на грантот врз буџетот во Министерството за здравство.

***2.3. Мониторинг на финансирањето за стратегијата за семејно насилство.*** Во 2014, ЕСЕ ќе се фокусира на подготовка на сеопфатна анализа на имплементацијата на активностите и распределбата на средства за Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство 2008-2011 и Заедничката програма на ООН „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство за периодот 2008-2011". Во исто време, ќе се мери влијанието кое е постигнато со имплементацијата на стратегијата и заедничката програма, како и заложбите кои се направени во оваа област по усвојувањето на Националната стратегија. Потребните податоци ќе се обезбедат преку барања за пристап до информации од јавен карактер и анализа на јавно достапни извештаи и документи кои се однесуваат на ова прашање.

**3. Унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, со посебен фокус на институциите од областа на здравството.** Со цел унапредување на степенот на транспарентност и отчетност на јавните институции, во 2014 година, ЕСЕ ќе ги спроведе следните активности: спроведување на постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер; оценка на степенот на проактивност на јавните институции; и дополнителни активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции. Па оттука, и оваа година ќе продолжиме да поднесуваме барања за пристап до информации од јавен карактер за оние информации кои не се јавно достапни. Поточно во 2014 година ќе поднесеме 750 барања за пристап до јавни информации до вкупно 47 јавни институции. При спроведувањето на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер ќе ги користиме заштитните механизми утврдени со Законот за слободен пристап до информации и другите закони. Овие механизми ќе ги користиме при молчење на јавната администрација или пак при добивање на одговори со лош квалитет. Сите добиени податоци од јавните институции и спроведените жалбени постапки ќе бидат достапни на пошироката јавност преку интернет страницата на ЕСЕ.

***3.2.Оценка на степенот на проактивност на јавните институции.*** Со цел оценка на степенот на проактивност на институциите од јавниот здравствен сектор, во текот на 2014 година, ЕСЕ ќе спроведе мониторинг на содржината на официјалните интернет страници на 15 јавни институции, кои се предмет на интерес на ЕСЕ. Степенот на проактивност ќе се оценува според претходно развиена методологија, а како водечки индикатор за успешност ќе се користи бројот на објавени основните буџетски документи и информации и зачестеност на нивно објавување. Резултатите од оваа оценка ќе бидат анализирани и претставени во посебно за тоа развиен формат.

***3.3. Дополнителни активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции.*** Со цел унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции, во овој период ќе бидат преземени и низа на дополнителни активности, како што се: реализирање на две јавни расправи во Собранието на Р. Македонија; превод на два прирачника за буџетска транспарентност, отчетност и партиципација; и воспоставување соработка со граѓански организации од регионот. Во 2014 година ќе продолжиме да соработуваме со ФООМ во насока на унапредување на постапката на пристап до информации од јавен карактер и ќе продолжиме со преземање на активности кои произлегуваат од членувањето на ЕСЕ во ВТАР и иницијативата Отвореното Владино партнерство.

**Очекувани резултати:**

- спроведен мониторинг и анализа на имплементацијата (програмска и буџетска) на трите превентивни програми на Министерството за здравство;
- спроведени активности за застапување за зголемен опфат на ромски деца со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита
- спроведени активности за застапување за зголемен опфат на жени со услуги за превентивна здравствена заштита во однос на рано откривање на малигни заболувања;
- изработка на план за користење на приходната страна на централниот буџет за мониторинг и застапување;
- спроведена обука за двата модули наменети за претставници на организациите на граѓанското општество;
- инкорпорирана компонента за родово буџетирање;
- изработени пресметки за разни мерки кои имаат за цел да се зголеми опфатот на жените со превентивни гинеколошки услуги;
- спроведен мониторинг за развојната фаза од грантот ОРИО;
- спроведен мониторинг на финансирањето за стратегијата за семејно насилство;
- спроведена анализа на влијанието кое неплатената нега за тешко болен член на семејството го има врз ромските жени и ромските семејства;
- подготвени и поднесени 750 барања за слободен пристап до јавни информации во 47 јавни институции;
- проценка на степенот на транспарентност и отчетност на 15 јавни институции;
- спроведени две јавни расправи во Собранието на Р. Македонија или две јавни дебати;
- објавени две упатства за буџетска транспарентност, отчетност и учество.

## II. СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ

**Општа цел**: Подобрена здравствена состојба на Ромите преку примена на пристапите за социјална отчетност, правно описменување и оспособување

**Конкретни цели**:
- користење на мониторингот на заедницата и социјална ревизија како пристапи за зголемена отчетност на јавните здравствени установи;
- подобрување на опфатот на децата Роми со имунизација и здравствени услуги за превентивна здравствена заштита (патронажни сестри, редовни медицински прегледи и унапредување на здравјето);

- подобрување на опфатот на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги;
- континуирано обезбедување параправна помош преку програмите за параправна помош во општините Шуто Оризари, Делчево и Пехчево;
- подигнување на свесноста меѓу Ромите за нивните права и обврски и обезбедување на адекватни и соодветни информации за заштита на нивните здравствени права; и
- иницирање на активности за одржливост на помошта и поддршката кои параправниците ги обезбедуваат на локално ниво.

Од 2011, ЕСЕ во партнерство со три локални граѓански организации ја спроведува методологијата за мониторинг на заедницата како пристап за социјална отчетност, а главната цел е да се подобри опфатот на ромските деца со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита. Исто така, од 2011 ЕСЕ во партнерство со три локални граѓански организации обезбедува параправна помош како пристап за правно описменување и оспособување за да им се овозможи на Ромите да ги остварат здравствените права. Две од ромските партнерски организации ги спроведуваат и двата пристапи, па оттаму ЕСЕ и партнерските организации ја увидоа можноста за спојување на овие пристапи.

**Мониторинг на заедницата.** Во текот на 2014, ЕСЕ ќе ги продолжи активностите за мониторинг на заедницата за имунизација во соработка со трите партнерски ромски граѓански организации (КХАМ, ЛИЛ и ЦДРИМ), со проширување на работата преку воведување на пристапот за социјална ревизија. Во 2014, ромските партнерски организации ќе продолжат да работат во седум општини: Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Карпош, Сарај, Делчево, Пехчево и Виница. Исто така, во 2014 ЕСЕ досегашното поле на користење на мониторинг на заедницата и социјалната ревизија ќе се прошири во областа на превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката, што е во согласност со континуираната работа на ЕСЕ за мониторинг на буџетот за Програмата за рано откривање на рак на грлото на матката. Во однос на работата за унапредување на опфатот на децата Роми со имунизација во 2014, ЕСЕ ќе продолжи да обезбедува техничка помош и координација за ромските граѓански организации кои работат на полето на мониторинг на заедницата на локално ниво. Во 2014, ЕСЕ и ромските партнерски организации ќе продолжат да вршат мониторинг на имплементацијата на активностите кои имаат за цел зголемен опфат на децата Роми со имунизација. Во периодот од јануари до јуни 2014, тие ќе спроведат процес на анкетирање во заедницата и ќе ги подготват картичките за оценка од заедницата во

однос на здравствените услуги од превентивната здравствена заштита мерки и имунизацијата на децата Роми. При тоа, ЕСЕ ќе го координира процесот при кој ќе се развие соодветна методологија за спроведување на процесот на истражување, вклучително и подготовка на прашалници за анкетирање, избор на примерок за анкетирање и подготовка на извештај за картичките за оценка од заедницата. Во однос на мониторингот на имплементацијата на здравствените услуги за имунизација во ромските заедници, ЕСЕ и партнерските организации ќе започнат да ја имплементираат компонентата на социјална ревизија. Социјалната ревизија ќе се однесува на работењето и извештаите на патронажните сестри. На почетокот на 2014, ЕСЕ и партнерските организации ќе подготват стратегија за застапување за подобрен опфат на децата Роми со имунизација, која ќе биде имплементирана во тек на 2014 година. За таа цел ќе се одржи дводневна работилница. ЕСЕ ќе ги координира активностите за застапување на национално ниво, додека партнерските организации ќе подготват и спроведат локални стратегии за застапување за 2014, со техничка помош од ЕСЕ. За да се зајакнат заложбите за застапување за подобрен опфат на жените (особено жените Ромки) со превентивни гинеколошки прегледи за рано откривање на рак на грлото на матката, во текот на 2014, ЕСЕ и партнерските организации ќе спроведат социјална ревизија и мониторинг на заедницата во оваа област. Оттаму, на почетокот на 2014 ќе биде одржана тридневна обука за партнерските организации, а темата на обуката ќе се однесува на здравјето на жените и релевантните политики. Обуката ќе биде подготвена и спроведена од страна на вработените во ЕСЕ. По обуката, ЕСЕ ќе го координира процесот за развој на методологија, вклучително и на: барањата за јавни информации, анализа на добиените документи, зајакнување и мобилизирање на заедницата. Со цел да се координира севкупната работа, вкупно осум координативни состаноци ќе се одржат во текот на годината. На овие состаноци ќе учествуваат вработените во ЕСЕ и претставниците на партнерските организации. Имајќи предвид проширувањето на користењето на методологијата за социјална ревизија во 2014, се јавува потреба од континуирана техничка помош. За таа цел ЕСЕ ќе се ангажира меѓународен консултант во времетраење од седум работни дена.

**Параправна помош.** Во рамки на активности за зајакнување на капацитетите на ромските партнерски организации и параправниците за обезбедување на параправна помош и поддршка за локалните ромски заедници во 2014 ќе се спроведат низа активности, меѓу кои: о*бука на параправници (п*окрај почетната обука организирана во октомври 2013, во првата половина на 2014 година ќе се организираат две еднодневни обуки; *развој на ресурсна библиотека (*ЕСЕ ќе развие ресурсна библиотека со сите релевантни документи и ќе ја стави на располагање на параправниците и трите ромски партнерски организации. Преку развивањето на ресурсната библиотека, ЕСЕ ќе ја преземе одговорноста за редовно информирање на параправниците и ромските партнери за сите релевантни материјали и новини кои се однесуваат на делокругот на работа на параправниците); у*напредување на административните постапки(*ЕСЕ ќе продолжи да ги мониторира и да ги модифицира веќе утврдените постапки и формулари во согласност со потребите на програмите за параправна помош; *мониторинг, поддршка и проценка на работата на параправниците (*ЕСЕ ќе се фокусира на изработката на систем за вршење тековен мониторинг и надзор над работата на параправниците, а тоа ќе овозможи соодветно спроведување на насоките за работа кои се воспоставени до сега во однос на обезбедувањето на параправна помош и поддршка). Активностите за обезбедување

параправна помош и поддршка за локалните ромски заедници во 2014 година ќе се спроведат преку: *ангажирање на параправниците (о*ваа активност се спроведе во 2013 година. Од страна на КХАМ беше ангажирано едно лице за обезбедување на ваков вид на помош и поддршка во селото Црник, во кое 40% од жителите се Роми); *функционирање на програмите за параправна помош (* во текот на 2014, параправната помош ќе продолжи да се обезбедува во општините Шуто Оризари преку организациите ЦДРИМ и РРЦ и во општините Делчево и Пехчево преку организацијата КХАМ); *обезбедување параправна помош во поединечни случаи(*параправната помош и поддршка ќе ја обезбедува ангажирана/избрана група на параправници кои ќе работат во канцелариите на ромските партнерски организации. Програмите за параправна помош ќе се спроведуваат според принципот на ненајавени посети, а кога постои можност ќе се закажуваат средби со потенцијални клиенти. Параправниците ќе нудат целодневна помош во текот на работната недела); *информирање на граѓаните и промотивни активности (о*вие активности овозможува директно информирање на ромското население по принципот „од врата на врата" и опфаќа и подготовка и печатење на 5000 летоци и 1500 картички); *едукативни активности (*во текот на 2014 ќе бидат организирани вкупно 12 едукативни работилници на теми согласно на потребите на населението) и *средби со локалните чинители за потребите на заедницата (*во текот на 2014, ромските партнерски организации ќе имаат обврска да одржат две средби со релевантните чинители).

Во текот на 2014 година ќе се преземат активности за застапување со цел постигнување на одржливост на услугите кои се нудат преку програмите за параправна помош. Со оглед на улогата на општините и тековниот процес на децентрализација во земјата, ромските организации со поддршка од ЕСЕ и ФООМ ќе иницираат активности за застапување насочени кон единиците на локалната самоуправа.

**Очекувани резултати:**

- развиен план за спојување на двете компоненти (мониторинг на заедницата и параправна помош);
- развиени алатки за анкетирање на заедницата;
- спроведена анкета во заедницата меѓу ромското население во седум општини;
- подготвени картички за оценка од заедницата кои ги содржат резултатите од анкетата;
- спроведена социјална ревизија на работата на патронажната служба во седум општини;
- подготвени стратегии за подобрен опфат на ромските деца со имунизација и превентивни услуги на локално ниво;
- зајакнати капацитети на ромските граѓански организации за здравствени прашања на жените и релевантните политики во Македонија;
- развиена методологија за проширување на работата за мониторингот на заедницата и социјална ревизија за прашањето за опфат на ромските жени со превентивни гинеколошки услуги за рано откривање на рак на грлото на матката.
- обезбедување на континуирана обука за параправниците и координаторите (организирани три обуки);
- развиена ресурсна библиотека;
- организирани посети за мониторинг на работата на параправниците (вкупно 24);
- обезбедена параправна помош и поддршка на околу 400 Роми во трите општини (Шуто Оризари, Делчево и Пехчево, село Црник);

- спроведени активности за информирање „од врата на врата”;
- организирана кампања за подигнување на јавната свесност;
- подготвени, печатени и дистрибуирани промотивни материјали на македонски и ромски јазик (5000 копии од летокот и 1500 картички);
- организирани едукативни работилници за унапредување на правата на пациентите и конкретни здравствени прашања (вкупно 12 );
- одржани средби со релевантни чинители на локално ниво (вкупно 4);
- одржани состаноци за застапување со единиците на локалната самоуправа;
- подготвени писмени барања за финансирање на програмите за параправна помош од страна на единиците на локалната самоуправа.

## III. МОНИТОРИНГ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТАНДАРДИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**А. ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА.** Активностите кои се предвидени во рамки на оваа компонента во 2014 претставуваат продолжение на веќе спроведените активности и резултати кои се постигнати во последните три години. Имено, во 2014 ЕСЕ ќе продолжи паралелно да работи со професионалните групи, т.е. веќе формираните групи на правни практичари (адвокати, правници, како и претставници на граѓански организации), како и со групата на претставници на организациите на пациентите кои се занимаваат со конкретни здравствени прашања. Исто така, оваа година ЕСЕ ќе ги фокусира своите заложби на зајакнување на соработката помеѓу споменатите групи, така што тие ќе бидат охрабрени да ги користат механизмите за заштита на правото на здравје и правата на пациенти. Извештаите во сенка во рамки на процесот на Универзален периодичен преглед (УПП) и за Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП) ќе бидат подготвени и проследени со активности за застапување. Клучни активности кои ќе се спроведат во рамки на оваа компонента се: мониторингот на човековите права во системот на здравствена заштита, здравствената регулатива и политики, како и надградба на Водичот за практичари и соодветната веб страна www.healthrights.mk.

**Општа цел:** Зголемена свесност и почитување на човековите права во здравствена заштита.

**Конкретни цели:**
- подобрено разбирање на заштитата на правото на здравје кај практичарите преку ажурирање на Водичот за практичари и редовно ажурирање на веб страната: healthrights.mk;
- зајакнување на соработката помеѓу претставниците на граѓанските организации и практичарите (адвокати, правници од граѓанските организации кои работат на здравствени и човекови права преку организирање на работни и консултативни средби);
- користење на механизмите за заштита на правото на здравје и правата на пациентите и зголемена можност за понатамошно започнување на стратешки случаи за повреда на човековите права во системот на здравствена заштита
- подобрување на отчетноста на Владата за здравствената состојба на маргинализираните лица преку подготовка на извештаи во сенка кон меѓународните тела за човекови права.

Во рамки на оваа компонента ќе се спроведуваат следните активности:

**Ажурирање на Водичот за практичари и одржување на веб страната www.healthrights.mk**.Оваа активност вклучува активности насочени кон мониторинг на човековите права во системот на здравствена заштита, како и следење на регулативите и политиките во областа на здравството. Главна цел на редовниот мониторинг е да се добие увид и да се биде во тек со новините, а потоа да се определат потребите за ажурирање на Водичот за практичари. Оттаму, во 2014, ЕСЕ ќе продолжи со овој процес. За оваа цел, ЕСЕ ќе ја користи онлајн базата на податоци за закони Академика. Друг важен аспект е идентификувањето и документирањето на практични примери за

проведувањето/неспроведување на правата на пациентите, за да тие можат да се искористат и вклучат во Водичот за практичари.

**Ажурирање на веб страната www.healthrights.mk**.Во текот на 18-месечното постоење, веб страната прерасна во вреден ресурс за повеќе целни групи, а првенствено е наменета за здравствените работници, правниците и пациентите. Од самото воспоставување, тимот на ЕСЕ интензивно работеше на ажурирање и поставување содржини на веб страната. Притоа, ЕСЕ планира да продолжи со натамошно надградување и ажурирање на содржината на оваа веб страна. Во текот на 2014, ЕСЕ ја разгледува можноста за воведување на квантитативни и квалитативни индикатори со цел мерење на користењето на веб страната.

**Вмрежување на граѓанските организации.**Во 2014, ЕСЕ ќе продолжи да соработува со двете професионални групи, т.е. со веќе формираната група на правни практичари (адвокати и правници кои се претставници од граѓански организации) и групата на претставници на организациите на пациенти кои се занимаваат со конкретни здравствени прашања. По позитивните резултати од соработката и вмрежувањето на гореспоменатата група во процесот на подготовка на Заедничкиот поднесок за здравство во рамки на УПП, соработката ќе продолжи и понатаму, особено во поглед на преземање на заеднички активности за застапување пред и по официјалната седница за Р. Македонија во рамки на вториот циклус на УПП. Соработката и вмрежувањето ќе продолжи и понатаму преку подготовка на Извештај во сенка кон Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП). Од друга страна, предвидените консултативни средби со двете професионални групи (правни практичари и граѓански организации/организации на пациенти) ќе им овозможат на професионалците отворено да дискутираат за судската пракса во однос на повредите на човековите права кои се однесуваат на правото на здравје и правата на пациентите. Оттаму, се очекува дека преку овој процес може да дојде до вмрежување за соработка, особено започнување на судско застапување за стратешки предмети за здравствени прашања кои се релевантни за повеќе организации.

**Дистрибуирање и активности за застапување.** Во 2014, ЕСЕ ќе врши промовирање и дистрибуирање на сите продукти кои се однесуваат на ова прашање, како што се Водичот за практичари, веб страната www.healthrights.mk и брошурите за права на пациенти (општа, корисници на дрога, Роми, лица со попреченост). Покрај споменатите продукти, ЕСЕ ќе се вклучи и во изработка на Видео за права на пациенти со наслов: „Пречки со кои се соочуваат Ромите во пристапот до здравје“. По изработката на видеото, здружението ЕСЕ ќе подготви план за промоција и дисеминација на истиот. Копии од CD со видеото ќе бидат дистрибуирани до организациите со кои соработува ЕСЕ во рамките на оваа компонента. Покрај тоа, видеото ќе биде поставено на веб страната: www.healthrights.mk, и во консултации со партнерските организации ќе биде поставено и на нивните веб страни. Воедно, заедно со граѓанските организации ќе биде изработен план за промоција и дисеминација на видеото и поврзани активности за застапување. Една од алатките која ќе се користи за застапување, е подготовката на „онлајн” петиција преку која ќе се изнесат посебните барања за унапредување на состојбите до Министерството за здравство.

**Стратешко застапување.** Имајќи ги предвид постигнатите резултати во однос на мобилизирањето на разни професионалци/практичари и зајакнувањето на нивните капацитети за концептот за човековите права во здравствена заштита, неопходна е понатамошна надградба со активности кои ќе придонесат кон практична имплементација на концептот. Имено, овој процес ќе се спроведува преку организирање на консултативни средби за стратешко застапување на случаи на прекршување на здравствени права и права на пациенти. Основната цел на консултативните средби е да се создаде синергија помеѓу овие професионални групи, како и нивна мобилизација и охрабрување за практична примена на концептот на човековите права во здравствена заштита. Секој од учесниците ќе има придобивки од искуствата на останатите, т.е. правните професионалци ќе добијат детален увид за практичните аспекти на здравствените проблеми со кои се соочуваат разни маргинализирани групи, а пак претставниците на организациите на пациенти ќе дознаат за законските механизми и за начините за заштита на правата на пациентите. За таа цел, пред секоја од овие консултативни средби, правните практичари и професионалци од граѓанските организации и организациите на пациенти, ќе подготват практичен случај на повреда/ограничување на правата на пациенти по претходно утврден формат. Примероци од презентираните практични случаи ќе бидат доставен на учесниците пред консултативните средби, така што тие ќе можат да се подготват и да дадат суштински коментари и препораки за можните механизми кои треба да се применат за заштита на правата на пациентите. Научените лекции од претходните судски застапувања ќе ја охрабрат ново основаната група од организации на пациенти да ги идентификуваат и понатаму да ги применуваат законските механизми за заштита на правата на пациентите. Овие состаноци ќе придонесат кон создавање можности за вмрежување и градење соработка помеѓу двете професионални групи, особено за развој на стратешки случаи на застапување кои се релевантни за повеќе организации. Во тој поглед, средбите исто така ќе се користат за разгледување на аргументите за тоа кои предмети се најстратешки и кои од тие предмети може да предизвикаат поголеми општествени промени, односно да водат кон подобрување на правата на пациентите во нашата земја.

**Активности за застапување пред и по Универзалниот периодичен преглед за РМ.** По процесот на подготовка на Заедничкиот поднесок за здравство и пред закажаниот втор циклус за известување на РМ во рамки на овој преглед, заложбите за застапување беа фокусирани кон државите/членки на Советот за човекови права со цел да се изврши „политички притисок" и да се охрабри Р. Македонија да ги прифати неопходните препораки. За таа цел, ЕСЕ на „работната средба на пред сесијата на Советот" во Женева ја искористи можноста да им се обрати на сите дипломатски мисии кои беа присутни на пред сесијата. Претставникот на ЕСЕ ги презентираше клучните прашања кои се однесуваат на здравствената состојба на маргинализираните групи и препораките за подобрување на истата. Заедничкиот поднесок за здравство, клучните прашања и препораки и усната изјава беа поделени на претставниците на дипломатските мисии кои беа присутни на пред сесијата. Исто така, овие документи беа испратени во електронска форма до постојаните дипломатски мисии кои не присуствуваа на пред сесијата. Последователно, во 2014 ЕСЕ ќе организира емитување на 18 пленарна седница закажана за преглед на извештајот на земјата. Претставниците на граѓанските организации кои се членови на работната група и други заинтересирани ќе бидат поканети на настанот. Со цел промовирање на главните наоди и препораки, како и да се истакнат главните

препораки за Р. Македонија, ќе биде реализирана прес конференција за претставниците на медиумите.
ЕСЕ ќе преземе и чекори за мониторинг на имплементацијата на препораките од страна на државата. За таа цел, ќе биде организирана една работна средба. Предмет на оваа средба ќе биде оценката на досега преземените активности и дискусија за следните чекори кои треба да се преземат до следниот период за известување.

**Подготовка на извештај кон МПЕСКП (Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права.** Во 2014 и 2015 година, ЕСЕ ќе работи со истата група на професионалци и претставници на граѓански организации со цел подготовка на извештај за имплементација на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (МПЕСКП). Примарниот акцент ќе биде ставен на правото на здравје пропишано со член 12 од овој пакт. Во тој поглед, детално ќе се оценуваат основните елементи на здравјето, како што се: расположливост, достапност, прифатливост и квалитет. Исто така, извештајот ќе вклучува и посебни податоци за одредени маргинализирани и социјално исклучени групи кои се најзасегнати и дискриминирани во однос на остварувањето на правото на здравје, како што се: Роми, жени, корисници на дрога, сексуални работници, лица со интелектуална попреченост, итн. За целите на подготовката на овој извештај ЕСЕ ќе организира и четири работни средби. Активностите ќе резултираат со подготовка на заеднички Извештај во сенка со заклучни наоди и препораки за спроведувањето на правото на здравје и сродните права.

**Очекувани резултати:**

- ажуриран Водич за практичарите;
- ажурирана содржината на веб страната: healthrights.mk и развиени квантитативни и квалитативни индикатори за мерење на искористеноста на веб страната;
- дистрибуирани Водичот за практичари, материјалите за веб страната www.healthrights.mk и брошурите за права на пациенти (општа, корисници на дрога, Роми, лица со попреченост) согласно на подготвениот план за дистрибуција;
- организирани две консултативни средби за стратешки случаи на застапување;
- идентификувани и подготвени стратешки случаи кои ќе бидат застапувани на национално, регионално или меѓународно ниво;
- подготвен Извештајот во сенка за имплементацијата на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права преку четири работни средби;
- дистрибуиран заедничкиот поднесок за здравство во рамки на УПП и спроведени заеднички активности за застапување од страна на работната група со цел прифаќање на препораките од страна на РМ и нивно натамошно спроведување.

**Б. МОНИТОРИНГ НА ЖЕНСКИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА.** Во рамки на оваа компонента во 2014, ЕСЕ ќе преземе активности во следните подкомпоненти: судска заштита на жртвите на семејно насилство – Мониторинг на имплементацијата на привремените мерки за заштита и законска заштита на жените жртви на сите видови на насилство врз жените и дискриминација.

**СУДСКА ЗАШТИТА ЗА ЖРТВИТЕ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО/МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРИВРЕМЕНИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

**Општа цел:** Судски систем кој ќе гарантира законска заштита и целосно остварување на правата на жртвите на семејно насилство.

**Конкретни цели:**

- прибирање на податоци за поединечни судски постапки на изрекување на привремените мерки за заштита и идентификување на позитивни и негативни практики;
- зголемување на степенот на сензитивност и свесност кај судиите за карактеристиките на семејното насилство и унапредување на степенот на судска заштита;
- поттикнување дијалог помеѓу судиите и другите релевантни чинители за воспоставување и унифицирање на стандардна процедура за изрекување на времена мерка за заштита;
- зголемување на степенот на информираност кај жртвите на семејно насилство за судската постапка за изрекување привремените мерки за заштита.

Во рамки на првата под компонента ќе се спроведат следните активности:

- *Воспоставување соработка и потпишување на Меморандум за соработка со 4 судови кои се вклучени во проектот.* ЕСЕ ќе подготви и поднесе писма за соработка до претседателите на основните судови и ќе потпише Меморандум за соработка. Мониторингот на судските предмети во врска со изрекување времени мерки за заштита од домашно насилство ќе се спроведува во четири основни судови и тоа во Скопје, Битола, Тетово и Штип.
- *Изработка на формулар/образец за мониторинг.* Ќе биде формирана работна група за изработка на формулар/образец за мониторинг како основа за спроведување на процесот на мониторинг на судските постапки. Работната група ќе вклучува претставници од ЕСЕ, Коалицијата, адвокати, судии (граѓански и кривични) и жртви на семејно насилство. Три работни средби ќе бидат организирани за подготовка на формуларот за мониторинг.
- *Избор на набљудувачи и организирање на обука.* За целите на проектот, ЕСЕ ќе ги користи постоечките човечки ресурси на Коалицијата „Сите за правично судење“. Набљудувачите ќе бидат идентификувани од страна на Коалицијата (од нивните постоечки ресурси) и пред спроведувањето на процесот на мониторинг тие ќе добијат обука на темата за превенција и заштита од семејно насилство. Избраната група од десет набљудувачи ќе добие дводневна обука за карактерот и преваленцата на домашното насилство, и постоечката законска рамка и механизми за заштита на жртвите. Во тој поглед, акцентот ќе биде ставен на граѓанскиот судски систем и постапката за изрекување времени мерки за заштита кои се пропишани со Законот за семејство.
- *Посети на четири судови за мониторинг на судските предмети.* Обучената група на набљудувачи ќе реализира посети за мониторинг на 28 граѓански предмети за семејно насилство во претходно избрани судови. Се очекува дека за период од седум месеци набљудувачите ќе присуствуваат на вкупно 168 судски рочишта.
- *Внесување податоци и првична разработка.* Пополнетите формулари за мониторинг од присуството на судските расправи ќе бидат доставени до ЕСЕ и потоа ќе бидат внесени и разработени во посебно дизајнирана база на податоци, при што ќе се применат

постоечките програми за статистичка разработка на податоците (квантитативни и квалитативни).

- *Подготовка на анализи.* Врз основа на собраните и разработени податоци ќе биде направена анализа, која ќе ги вклучува главните наоди од мониторингот и препораките за подобрување на судските постапки во врска со семејното насилство. Анализата ќе биде отпечатена во 500 копии.
- Активности за подигнување на свесноста кај судиите и поттикнување дискусија за можностите за унифицирање на постапките за изрекување на привремени мерки за заштита. Главните наоди и препораки од анализата ќе бидат презентирани и дискутирани на две нивоа: поединечни средби во секој од избраните судови и еден заеднички форум. Во текот на поединечните средби, фокусот ќе биде ставен на потребата од подобрување на поединечните постапувања за судиите и генерално за судовите во постапките за изрекување времени мерки за заштита во случаи на семејно насилство. Дополнително ќе се организира еден заеднички форум на кој ќе биде презентирана анализата, а на него ќе присуствуваат: претставници од работната група која го изработи прашалникот, претставници од судовите кои се вклучени во проектот, судии чии предмети биле набљудувани и претставници на ЕСЕ. Тема за дискусија ќе биде како да се подобри постапувањето на судовите во врска со времените мерки за заштита и можностите за унифицирање на процедурата во тој поглед. Покрај организирањето на форумот, анализата ќе биде доставена и до останати релевантни чинители во областа на превенција и заштита од семејно насилство. Резимираните наоди и препораки од анализата ќе бидат презентирани пред медиумите на прес конференција која за таа цел ќе ја организира здружението ЕСЕ.

Во рамки на активностите за подигнување на свесноста кај жените жртви на семејно насилство ЕСЕ ќе се п*одготви* ***Водич за жртвите на семејно насилство.*** ЕСЕ ќе подготви Водичот врз основа на анализата на прибраните податоци од судскиот мониторинг и врз основа на мислењето и искуството на жртвите во вакви постапки.

**Очекувани резултати:**

- воспоставена соработка со четири основни суда за спроведување мониторинг;
- идентификувана и обучена група од набљудувачи за мониторинг на судските предмети за изрекување времена мерка на заштита од семејно насилство;
- подготвен формулар за набљудување во судот и кратки инструкции за вршење надзор на предметите за семејно насилство;
- обезбедени податоци од четири суда за постапувањето на судиите/судовите;
- подготвена и објавена анализа која вклучува наоди од судските постапки и препораки за подобрување на состојбата (анализата ќе биде отпечатена во 500 копии) ;
- одржани четири посебни средби со судии на секој од вклучените судови;
- организиран еднодневен форум за определување на стандардна судска постапка; и
- подготвен и објавен Водич за постапката за изрекување на привремените мерка за заштита од семејно насилство.

## ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во РМ - ЕСЕ во партнерство со Отворена порта/LA STRADA Македонија и Коалицијата за здравствени и социјални права на маргинализираните заедници ја преземаат оваа иницијатива за да се адресира недоволниот степен на законска заштита на жените жртви на насилство и дискриминација. Оттаму, оваа програмска под компонента има за цел да обезбеди соодветна законска заштита на жените жртви од сите форми на насилство и дискриминација, вклучително и семејно насилство, сексуално насилство, трговија со луѓе и сексуална работа. Предложената програмска под компонента ќе се спроведува на национално ниво, а предвидените резултати ќе подразбираат унапредување на националната законска рамка за разни форми на насилство; подобрени судски постапки во случаите на насилство и обезбедување законска заштита од страна на граѓанските организации. Самата програма претставува иновативен пристап бидејќи ќе нуди уникатна можност за справување со повеќекратните форми на насилство, од кои некои од нив воопшто не се формално опфатени, преку: примена на судското набљудување како алатка за проценка на судската заштита на жените жртви; примена на пристап ориентиран кон жените т.е. вклучување на жените жртви во спроведувањето на овој проект; и вклучува идентификување и проследување на случаи на човекови права во областа на насилство, кои доколку бидат успешни ќе воспостават значајни судски преседани во законодавството, политиките и праксата. Освен тоа, оваа програмска компонента може да изврши позитивно влијание на јавното мислење и може да влијае врз ставот на јавноста кон оваа појава. Покрај заложбите на национално ниво, ЕСЕ и партнерските организации ќе вршат притисок со цел исполнување на меѓународно превземените обврски/стандарди предвидени со основните договори за човекови права и особено со Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW). Имено, во текот на овој проект, ќе биде подготвен Извештај во сенка за насилство врз жените и истиот ќе биде поднесен до Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН.

Оваа програмска под компонента ќе ја спроведуваат организации со опсежно искуство во областа на заштита на жените жртви на насилство, а нивниот кредибилитет и експертиза се клучен предуслов за постигнување на поставените основни и конкретни цели.

**Општа цел:** Обезбедување адекватна законска заштита за жените жртви на сите форми на насилство и дискриминација.

**Конкретни цели:**

- проценување на степенот на судска заштита која им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата CEDAW);
- идентификување на пречките и подготовка на препораки за унапредување, измени и дополнување на законска рамка за заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.

**Подготвителни активности.** Врз основа на основните податоци за бројот и видот на започнати судски постапки во сите судови ширум земјата, ќе биде направена селекција на вкупно 10 основни судови во кои потоа ќе се организира набљудување на судските предмети.

**Проценка на степенот на судска заштита која се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.** Работната група ќе биде составена од следните претставници: жени жртви на насилство, адвокати, судии (граѓански и кривични), претставници на ЕСЕ и партнерските организации, и претставници од проектот на УСАИД за зајакнување на судството. Процесот на мониторинг ќе се спроведува на основа на претходно подготвени формулари/обрасци за таа цел од страна на работната група. Важно е да се истакне дека претставниците на ранливите групи директно ќе учествуваат во процесот на подготовка на формуларите/обрасците за набљудување. За целите на мониторингот ќе бидат ангажирани и обучени вкупно 40 набљудувачи. Вкупно 142 судски предмети ќе бидат набљудувани, а набљудувачите ќе присуствуваат на 852 судски рочишта. Податоците кои се собрани од мониторингот ќе се користат за подготовка на анализа, која ќе вклучува области на загриженост и препораки.

**Идентификување на пречките и подготовка на препораки за унапредување, измена и дополненија на законската рамка за заштита**. За оваа намена ќе бидат спроведена анализа на законската рамка за заштита од насилство, ќе бидат спроведени интервјуа со експерти и фокус групи на жените жртви на различни видови на насилство. Упатството за спроведување на фокус групите и експертските интервјуа (прашалниците) ќе бидат подготвени од страна на проектниот тим преку организирање на работни средби за таа цел.

**Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.** Во текот на целата програма ќе се обезбедуваат директни услуги за жените жртви на насилство и дискриминација. Во тој поглед, програмата ќе овозможи обезбедување на бесплатна правна помош и судско застапување, како и психолошка поддршка преку Центарот за правна помош кој функционира во ЕСЕ (во соработка со партнерите на проектот).

**Промоција на постигнатите резултати.** Во рамките на оваа програмска под компонента ќе бидат организирани три промотивни настани (по еден настан во текот на секоја година).

**Очекувани резултати**

- спроведен судски мониторинг во 852 судски рочишта и проценет степенот на судска заштита; зајакнати капацитети на 20 судии за примена на меѓународните стандарди за човекови права предвидени во CEDAW;
- зголемен степен на свесност кај жртвите за законска заштита и судски постапки за заштита преку подготовка, печатење и дисеминација на четири поединечни водичи (20000 копии);

- организирани промотивни настани за презентирање на анализата на судскиот мониторинг и Водичот за жртвите;
- спроведена анализа на законската рамка за заштита на човековите права преку преглед на законите, 20 експертски интервјуа и осум фокус групи;
- подготвени препораки за унапредување на постоечката законска рамка согласно на конкретните потреби за секоја ранлива група; подготвен и поднесен извештај за насилство и заклучните согледувања на CEDAW Комитетот;
- организиран промотивен настан за презентирање на извештајот во сенка за CEDAW и главните наоди од анализата;
- зајакнати капацитети на претставници на 20 граѓански организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените;
- идентификувани, подготвени и иницирани шест индивидуални предмети за стратешко застапување;
- обезбедена бесплатна правна помош и совети на околу 700 жени жртви на насилство и дискриминација.

## IV. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВНИ, ПСИХОЛОШКИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ

Обезбедувањето помош и поддршка за ранливите категории жени е една од долгорочните стратешки определби на ЕСЕ. Помошта и поддршката се обезбедуваат преку работењето на Центарот за правна помош за жените жртви на семејно насилство, Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство и Здравствено информативниот центар.

**Општа цел**: Обезбедување информации, помош и поддршка за ранливи категории на жени.

**Конкретни цели:**
- обезбедување бесплатна правна помош и судско претставување во предметите за семејно насилство;
- обезбедување психосоцијална помош, поддршка и третман за жените жртви на семејно насилство;
- обезбедување информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, здравствени проблеми поврзани со менопауза и остеопороза, анализа на крвта и обезбедување витамини, лекови и контрацепција;
- унапредување на работата на трите центри: Центар за правна помош за жените жртви на семејно насилство, Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство и Здравствен информативен центар.

**Центар за правна помош и Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.** Во 2002, здружението ЕСЕ го воведе концептот за бесплатна правна помош наменет за жртвите на семејно насилство. Главна цел на овој концепт, покрај обезбедување на бесплатна правна помош и судско застапување на жените жртви, е да се подобри нивната правна писменост и да се поттикне нивното активно учество во заштитата на нивните права. Во 2003 година, опсегот на работа на Центарот за правна помош беше проширен со отворањето на два локални Центри за правна помош во Тетово и Штип. Во 2004 година, работењето на Центарот за правна помош при здружение ЕСЕ беше проширен со застапување во кривични предмети, што претставува дополнителна можност за заштита на жртвите на семејно насилство. Во 2008, Здружението го основаше првото Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство. За потребите на советувалиштето беа подготвени: Програма за работа со жртвите, Инструменти за проценка на потребата од помош и поддршка и Прирачник за работа на стручни лица. Психолошкото советувалиште обезбедува психосоцијална поддршка и третман на сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го прекинат кругот на насилството. Советувалиштето нуди повеќе типови на помош во областите на превенција, советување, кризни и пост-трауматски интервенции. Клиенти на советувалиштето се жени жртви на семејно насилство, како и децата кои најчесто се јавуваат како секундарни жртви. Процесот на обезбедување помош и поддршка во советувалиштето се одвива преку редовно одржување на состаноци на индивидуално или групно ниво.

**Здравствен информативен центар за жени.** Во 2004 беше отворен Здравствениот информативен центар за жени како дел од здружението ЕСЕ со цел да се обезбедуваат бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, менопауза и остеопороза. Со текот на годините беше проширен опсегот на работата на центарот и притоа нуди бесплатно тестирање за глукоза, холестерол и триглицериди во крвта и мерење на крвниот притисок. Покрај тоа, Центарот обезбедува витамини и контрацепција за своите клиенти. Мотото на центарот е „Зајакнувањето започнува со информирањето". Врз основа на нашата визија дека сите жени треба да имаат право на слободен избор во врска со своето здравје, репродукција и сексуалност – свет во кој жените ќе го остварат својот потенцијал и ќе практикуваат здрави животни навики, активностите на Центарот ќе ги опфаќаат потребите на жените низ целиот животен циклус (од адолесценција до менопауза). Активностите се спроведуваат преку континуирана работа на Здравствениот информативен центар за жени (информации и советување на жените за гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, проблеми поврзани со менопаузата и остеопорозата, анализа на крвта и обезбедување витамини, лекови и контрацепција за клиентите на центарот) и организација на јавни настани еднаш во годината за подигнување на јавната свест за конкретни потреби поврзани со здравјето на жените.

**Очекувани резултати:**

- обезбедена бесплатна правна помош и совети на 250 жени;
- одржани 300 индивидуални средби со (адвокат и психолог);
- обезбедено правно судско застапување за 10 жртви на семејно насилство;
- обезбедена психосоцијална поддршка за 40 жени жртви на семејно насилство;
- обезбедени здравствени информации и поддршка за 130 жени;
- обезбедени здравствени информации, витамини и додатоци за превенција и лекување на остеопороза за 90 жени;
- обезбедени директни услуги (брза анализа на крв за дијабетес и ниво на холестерол и триглицериди; мерење на крвниот притисок) за 40 жени.

## V. МЕДИУМСКА КОМПОНЕНТА

ЕСЕ секоја година, врз основа на тригодишниот стратешки план, развива поединечни годишни планови за промоција на активностите од секоја програмска компонента и промоција на работењето на ЕСЕ. Комуникациска стратегија за 2014 година е составена од: клучните приоритети, комуникациски цели и целната група за секоја од предвидените компоненти, пораките кои треба да бидат пренесени преку спроведување на одделните промотивни активности, временската динамика и одговорностите на вработените на ЕСЕ за спроведување на поединечните активности. Дополнително, во текот на 2014 година, ЕСЕ ќе ги преземе следните активности во насока на медиумско претставување и тоа: подготовка на видео запис, тематска интернет станица, развивање на софтвер за прибирање на дополнителни информации од заедницата и поедноставување и визуелизација на резултатите.

**Очекувани резултати:**

- развиена годишна програма за промовирање на резултатите и работењето на ЕСЕ за 2014 година;
- обезбедена техничка поддршка на групата за медиумско застапување за зголемување на опфатот на децата Роми со мерки за задолжителна вакцинација,
- подготвен и промовиран видео запис за застапување;
- подготвена тематска интернет страница за промоција на буџетската транспарентност и отчетност и олеснување на комуникацијата помеѓу граѓаните и јавните институции;
- спроведени подготвителни активности за воспоставување на софтвер за прибирање на дополнителни информации од заедницата од областите од интерес на ЕСЕ; и
- подготвени и промовирани два инфо графици.